# Збирка Раскази

## Пецо Колчкоски



# Збирка раскази

Пецо Колчкоски

2016

**Почеток**

Празнотија. Се што гледам е празнотија во мене. Празна глава. Празна амбиција. Празна мотивација. Празно. Трауми од детство. Изгубена невиност. Промена. Бегање од. Бегање од. Од разговорлив. Повлекување во себе. Марихуана. Десетина џоинти на ден. Од утро до вечер. Демотивација. Замаеност. Мрзливост. Безбедност. Каде? Каде што нема контакт. Физички. Бегање од. Изолација. Бегање од. Марихуана. Стонирање. Затупување. Постапно полудување. И глупости. Какви се не глупости сум кажал. Празнина.
И нека биде

Смешно
.

**Друштво за заштита на Неонците**

1.

Се слушаше тивок но иритирачки звук кој едноставно не можеш да го игнорираш и слободно да продолжиш со тоа што си го правел до моментот кога звукот почнал да се емитува. Една фигура полека почна нервозно да мрда. Знаеше дека алармот ќе се исклучи само ако стане од креветот и не му се допаѓаше тоа. Ја спомнуваше поблиската фамилија на Македо, човекот кој го измисли овој аларм што во моментот му лазеше по нервите, а немаше да се исклучи се додека не стане од креветот кој му беше најпотребен во овие мигови. Се сврте неколку пати, падна на земја, ги склопи очите, се поднамести и почна полека да се враќа во онаа состојба за која сосема исправно рачунаше дека му е најпотребна после лудата ноќ, а и лудото утро што следеше потоа.
Во собата одекна друг звук, овојпат не толку иритирачки но не беше тоа ни звук кој ќе ви дозволи мирно да спиете. Фигурата на подот се надеваше дека кој и да е оној кој се јавува ова време, иако беше наполно сигурен дека му се јавуваат од работа, ќе се откаже после седмото ѕвонење. 5,6,7,8,9... и звукот продолжуваше. Фигурата веќе беше видно нервозна, 12,13... Полека се довлечка до една тастатура монтирана вертикално на ѕидот, издиша длабоко и притисна едно копче.

2.

Требаше што може поскоро да отиде на работа. Итно беше потребен на своето работно место зошто се имаше случено еколошка катастрофа. Неонците се уништени и тој како експерт за неонци во друштвото за заштита на животни е одговорен и главен за тој загрозен вид. Додека споро се облекуваше ги спомнуваше фамилиите на неонците, но откако размисли подобро реши да ги спомнува фамилиите на оние кои ги прогласиле неонците за загрозен вид. Тие беа вистинските виновници што тој не може да се наспие како што треба.
Додека патуваше не заборави на поблиските фамилии на сите оние кои мислеше дека му се криви за тоа што денес е ненаспан, мамурен и со страшна главоболка која како само да се зголемуваше со секоја помината минута иако лековите веќе требаше да му ја имаат смирено. Да, да, тоа е тоа, и мислеше на поблиската фамилија на фармацевтите кои ги направиле лековите за болки во главата.

3.

Излезе од возилото и полека влезе во една зграда на чиј што ѕид имаше плоча на која пишуваше „Друштво за заштита на животните‟. Главоболката веќе ја немаше. Не беше сигурен дали поради лековите или смирувачките мисли за поблиски фамилии на доста личности кои ги познаваше и не ги познаваше, но беше задоволен од резултатот без понатамошна желба да открие на што се должи поминувањето на ужасната главоболка. Ги

поздравуваше сите на кои ќе наидеше додека се движеше низ ходниците. Конечно стигна пред една врата која беше токму онаа врата кон која се имаше упатено уште во моментот кога го напушти својот стан.
Ја отвори вратата и забележа дека внатре веќе е многу раздвижено. Сите од неговиот тим беа собрани и се чекаше на него.

- Здраво на сите!
- Здраво, му одговорија сите, Доцниш, изусти Наташа.
- Знам. Толку за тоа. Неонците?
- Неонците веќе не постојат, ги нема!
- Како се случило тоа?
- Вообичаено.
- Зошто не сум изненаден. Добро, знаете што треба да правите. Наташа донеси ДНК на неонеци од фрижидерот, другите сите фаќајте се за работа, треба да се направат доволно за да се насели повторно Неонија со неонци. Сакам од сите подвидови да се направат по 10 примероци. 5 машки, 5 жески. Има 4 подвидови на неонци значи тоа би биле 40 неонци. Не, направете по 20 од сите. Нека бидат 80, и да се надеваме дека ја немаат истата судбина на своите предци.
- Е тоа би било изненадување. – одговори Наташа која веќе се враќаше со 8 епрувети во раката.
- Горјан, колку време ќе биде потребно да се направат 80 неонци?
- Окулу еден месец.

4.

Бродот полека застануваше додека на разгласот се огласи дека пристигнаа до Неонија.
На палубата се појави целиот екипаж освен еден веќе познат лик.

- Каде е Денис? – праша Наташа.

Денис лежеше во кревет и ја спомнуваше фамилијата на сите компании кои произведуваат жесток алкохол. Имаше страшна главоболка, беше мамурен и не беше доволно наспан. Полека се извлече од креветот, се облече и поита на палубата. Требаше што поскоро да се заврши населувањето на неонците за да може да се врати во креветот кој му беше потребен.

4.

- Постави курс кон дома. И Наташа, изготви нов план за насочување на неонците, овој со религиите беше катастрофа. – Им нареди Денис и тргна кон креветот кој го чекаше во кабината. Работата беше завршена, Неонија беше повторно населена иако тој не мислеше дека тоа е претерано добра идеја, раса која што на секои неколку илјади години сама се уништува не ни треба да се спасува од она што самата си го направила на себе. Но што можеше тој да направи освен да си ја сработи работата за која што беше добро платен. Ја отвори вратата од кабината и задоволно се испружи во креветот. Конечно ќе се наспие добро.

**Експедиција 803.6**

Сините алармни светла во бродот почнаа да се палат и гаснат што самото по себе беше доволна причина лицето на Морган целосно да се измести. Вилицата скоро ќе му испаднеше од главата која пробуваше да се движи во сите насоки одеднаш, додека очите се обидуваа да пронајдат точка во која и двете ќе можат да гледаат со крајно внимание. Поминаа неколку мигови додека едното око не го фати во својот видеокруг техничарот за комуникации и веднаш инстинктивно го повика и другото. Сепак, моментот на крајно внимание доцнеше поради непослушната вилица која правеше салта или барем пробуваше да прави.

- Ш..што, што беше тоа? – Конечно процеди низ вилицата која малку од малку се беше прибрала.
- Знаци на интелегентен живот, наредникy! – со неверба во гласот, брзо трепкајќи и скоро немрдајќи ја устата, одговори на прашањето техничарот. - Фативме сигнал за комуникација. Застарен и непрактичен за волја на вистината, - продолжи да известува несвесно чешкајќи си го челото - но изгледа дека некој сепак го користи.
- Каде? – Брзо праша и со долг, вешт скок се најде веднаш над контролната табла за и самиот да се увери дека Мико не халуцинира.

Овој пак чуствувајќи се малку навредено и непријатно од реакцијата на наредникот, покажа со прст на еден дел од таблата и го прочита наглас она што му стана совршено јасно и на Морган уште пред овој да стигне да одговори: - Регион Прак 2068М.

- Гледам, гледам. – Почна замислено и нестрпливо да се шетка лево-десно по елипсовидната палуба. Од големото изненадување му беше потребно малку повеќе време за да го оформи следното прашање. - Кога е испратен сигналот?
- Хм, тешко е да се утврди, - кисело процеди - не ја знаеме јачината на изворот.
- Но така... – застана и се намршти како ураган - но така можеби ќе ни требаат 300 години за да стигнеме до таму.
- Во најлош случај 1.2 години наредникy, и 0.1 година за точно лоцирање на изворот. Ваквите бранови не можат да достигнат поголема далечина... – подзастана, го набра челото подзамислувајќи се:
- Единствено ако успеале да направат уред кој е милион пати поголем извор од оние што ги користевме ние пред неколку векови, а тоа е практично невозможно.

Морган не престануваше во себе да си повторува, како да сака подобро да сфати: - 1.3 години...

– Добро, - подвикна - поставете курс кон Прак 2068М. Рамата, веднаш формирај тим кој ќе се обиде да го одгонетне значењето на сигналот. Локи, преземи ја палубата. За секоја нова информација сакам итно

известување.

Споро тргна кон својата кабина со глава малку поднаведена кон подот, додека погледот му беше накаде залутан, изгубен во бесконечноста на вселената. Прв пат откако полетаа пред нецели четири години добија сигнал од друга цивилизација. Прв пат ќе се соочат со нов свет, нов живот, живот по кој беа испратени да трагаат, да го најдат, истражат и доколку е возможно да остварат контакт. По прв пат во овие нецели четири години нивното патување доби смисла и тоа баш во оној момент кога скоро да изгубија и секаква надеж дека ќе го пронајдат. – Токму во вистински момент. – ја отвори вратата од кабината и се испружи во удобната фотеља.

* * *

136 дена од приемот на сигналот

- Уште 10 минути нарединку и сензорите ќе можат да ја испитаат планетата за која со 95.48% веројатност утврдивме дека е извор на сигналот.

Уште малку... – размислуваше Морган, загледан во планетата која полека растеше на големиот екран, додека неговата лева нога пробуваше да фати некој ритам само нејзе познат - уште малку и ќе дознаеме кои се нашите далечни соседи. Според сите заклучоци донесени на состанокот треба да очекуваме не премногу развиена цивилизација, ако можеме да судиме според начинот на комуникација, односно според сигналот кој го фативме и сеуште не успеавме да го одгонетнеме...

- Уште 5 минути! – Како од пушка исфрли Локи, нестрпливо гледајќи во контролната табла и нервозно тропкајќи со прстите на нејзината мазна и светла површина.

Ах, колку само ќе беше сега полесно да знаевме што значи сигналот. – Се наврати на своите мисли, стоејќи во неизменета положба со една мала, можеби и неважна разлика. Сега левата нога стоеше мирно, а десната пробуваше да продолжи онаму каде што беше застанала нејзината симетрична колешка. За сето тоа време брадата уживаше во ритмичкото чешање од палецот и показалецот. - Но можеби само на тоа поле се неразвиени додека во други, за нас непознати науки, се своеврсни богови. Можно е и во сите останати на нас познати науки да се поразвиени. Не, ваквата логика беше отфрлена од сите математичари, иако се сложија дека постои веројатност од 2.81% да е токму така. Можеби... - ќе продолжеше да размислува но гласот на првиот заменик повторно го прекина.

- Стигнавме. Сензорите вклучени. Првите резултати се очекуваат за 581 секунда. – Известуваше Локи, а во неговиот глас можеше да се забележи возбуда и немир кои сосема оправдано и крајно непрофесионално го имаа зафатено целиот брод.
- Викнете го научниот тим во салата за состаноци. – За сето време не

го тргаше погледот од екранот, поточно од една долга кривудава линија на планетата која ја забележа пред половина минута, а беше облеана со мистичност и тајновитост. Не знаеше дали тоа е така затоа што тој ја прави таква или е таква сама по себе си.

- Направено.
- Мико, сите резултати од сензорите сакам да се емитуваат директно во салата. Среди го тоа и веднаш придружини се, мислам дека треба да изнајдеме начин како да кажеме „здраво".

* * *

- Нема интелегентна форма на живот? Но како...? – сеуште не можеше да сфати Локи - Од каде тогаш оној сигнал?
- Сигналот е пратен пред дваесет, најмногу триесет години... – Трпеливо по вторпат објаснуваше челниот научник Рамата. - За жал дојдовме прекасно, нешто се случило овде, нешто страшно. Нешто што било фатално за цела нивна цивилизација. А дека била цивилизација сведочат сите разурнати градби на планетата. Претпоставуваме дека тоа се нешто слично на нашите села во кои живееле и по неколку милиони жители. Само едно нешто не ми е јасно во целата оваа трагедија. Како изумреле и зошто? На планетава сеуште има идеални услови за живот. Компјутерот пресмета дека поради поголемото ниво на радијација од нашата матична планета овде без спиење можеме да издржиме повеќе од 50 часови. Интересно е што и кога ќе заспиеме на нашиот организам ќе му бидат потребни само 3.72 часа за да одмори и биде повторно способен за нормално функционирање. - Го заврши своето излагање со блага насмевка на своето лице која беше директна последица на тивкото и неразбирливо мроморење, проследено со збунети погледи и глави што се вртат навака-натака.
- Како ли само при вакви идеални услови настанала катастрофа? – Се прашуваше Локи повеќе себе си, отколку останатите во салата.
- Ќе го откриеме и тоа еден ден. – Воздивнувајќи длабоко одговори некој во ист миг кога Морган стана, и уморно влечејќи ги нозете тргна кон својата кабина. Во ушите сеуште му одѕвонуваа последните два збора што ги слушна: - Еден ден. Еден ден. Еден ден.....

**Гостин**

Животот во градот течеше бавно како Гепард, реката која поминуваше низ него. Впрочем повеќето граѓани се прашуваа дали воопшто тече, и ако веќе тече, зошто го прави тоа. Поминаа многу години додека не се појави философот Филозоф кој го изведе револуционерниот опит со пуштање лист во реката и стрпливо набљудување во времетраење од еден џоинт, џоинт и пол можеби. Филозоф најверојатно немаше да биде тоа што е ако после експериментот не изјави: „Гепард тече, затоа што не стои.", за веднаш потоа да тргне во разрешување на вечната мистерија, постои или не постои задгробен живот. Идејата беше генијална. Се состоеше од искачување на највисоката кула и главеечко рипање. До ден денешен граѓаните сеуште се расправаат окулу толкувањето на неговите последни зборови. Додека едни сметаат дека тие се неоспорив доказ дека живот после смртта постои, други сосема оправдано го застапуваат спротивното мислење, а има и такви (ретки додуша) кои не и придаваат никакво значење на неговата последна реченица која звучеше приближно вака: „Ооооoojjjjjjаааххххааааааааа!".
Во тоа време живееше и Еден Случај на кој не му се допадна ни трошка од сето тоа, а работеше како градски чистач.

Животот во градот сеуште течеше бавно како Гепард, кој да имаше барем тронка свест ќе се вцрвенеше од бес и срам, а потоа ќе се излееше до градската управа за да го промени името во Црвена Река. За негова среќа, а и за среќа на рихонците, немаше свест.
Ноќта се спушташе врз малото градче како завеса на крај од драмска претстава, прилично лоша драмска претстава за волја на вистината. Фенерите пред гостилниците, баровите, борделите, се палеа, додека по калните улици стивнуваше џагорот на луѓе, тропањето на кочиите, викањето на уличните продавачи на се и сешто, како и неизоставните ветер и магла. За нивна среќа секогаш имаше онакви кои сакаат да платат 10 пелонеаполикоси за магла или дури 15 пеланеаполикоси за ветер. Некој небитен скитник свиреше на усна хармоника, а пред него се наоѓаше превртена капа полна со монети кои подоцна (можеби) ќе бидат потрошени на жесток пијалок и курви.
По повеќето улички изникнуваа војници, кои ќе врват се до мугри по улиците, обезбедувајќи им на сите жители слобода и безбедност, која на рихонците им се допаѓа исто колку на антилопата што и се допаѓаат оние две лавици кои брзо и опасно и се приближуваат не тргајќи го погледот од неа.
Со првите ѕвезди на небото стигна и тивко, благо ветре кое донесе свеж, малку студен воздух од планината која гордо се извиваше над Рихон, ако ништо друго барем пробуваше да се извива гордо. Да знаеше ветрето кој пристигнува во тој миг веднаш ќе си заминеше, а уште поверојатно немаше ни да почне да дува на прво место. Но не знаеше. Не знаеа ни жителите на Рихон. Грешка што никогаш повеќе нема да ја повторат.

* * *

Голема (огромна можеби е подобар збор) огнена топка се појави на небото, прелета над Рихон осветлувајќи го, и тресна со сета своја преостаната тежина на земјата предизвикувајќи силен земјотрес и креирајќи еден убав голем и малку чуден кратер на само еден километар од градот. Жителите изненадено, панично, и љубопитно се расонија и поитаа кон новосоздадениот кратер. Само Друг Случај бесно пцуеше. Секогаш бесно пцуе кога ќе се разбуди непосвоја воља. Ја стави перницата преку глава и продолжи да спие.

* * *

Имеше што да видат. Правта полека се расчистуваше и под светлото на месечината почнуваа да се распознаваат контурите на кратерот. Беше голем. Добро, не премногу голем, но кога ќе погледнете во кратер со дијаметар од 600 метри кој не бил присутен се до пред еден џоинт ќе имате сосема поинаква претстава за големина. Но сепак, сето тоа и немаше да биде толку чудно, ако во средината на кратерот не се наогаше бела, налик на рагби топка, капсула која тивко зуеше. Капсулата се придвижи, а се отвори и нешто што наликуваше на врата. Фигурата што се појави беше висока, широка, тешко наоружана и весело насмевната. Застана, си го прочисти грлото и довикна: „Здраво, јас сум Совршениот Убиец.", а џоинт подоцна почна и подробно, до најситни детали, да им ја објаснува својата професија на жителите.

Извадок од дневникот на Случај Сосема Трет
Рихон, 1987 година

**Невидливи луѓе**

Работеше во железара, барем работеше до денес, цели триесет и четири години, осум месеци и шестнаесет денови. Денес доби отказ, отказ после четири години одење во фабрика, четири изгубени години во лажни ветувања, во тапкања по рамо, четири години за кои работодавците не му ги плаќаа ниту придонесите, а камо ли да му дадат некоја пара за живот, освен понекогаш некоја илијадарка и пред избори две-три илијади. Како ќе ја погледне жена си, се прашуваше, но само за да не се запраша како ќе ја погледне малата ќеркичка, единствениот подарок кој го доби после многу години поминати во пробување. Како ќе ја погледене својата радост, како ќе ја нахрани, како... Не ни примети кога стигнал пред зградата во која што живееше со својата жена Донка, со својата шестгодишна ќеркичка Ана, на која веќе в лето ќе мора да и се купат тетратки, книги, моливи, линијари, чанта, и нешто нова облека ако даде господ. Зградата беше на неколку катови, сива, мрачна, со оддамна излупена боја и дополу излупен малтар од ѕидовите. Таванот прокиснуваше при секој дожд, но за среќа Филип живееше најдолу, онаму каде што водата неможеше да допре. Барем не од таванот. Од страните некогаш, знаеше, кога имаше јак ветар со дожд ѕидовите пропуштаа вода, се навлажнуваа, а потоа требаше да поминат понеколку денови, во зима и месеци додека сиот ѕид не се исуши. Влезе во влезот кој немаше врата, немаше домофони, а неретко и немаше светло. Застана пред вратата, се мислеше неколку минути, се префрлаше од нога на нога, за конечно да тропне, ѕвончето веќе одамна прегоре, а со парите кои би се потрошиле на ново можеше да се купи неколку литра млеко. Се слушнаа чекори, кои поради слабата изолација звучеа како да го отсликуваат одот на некој ѕвер, на некое огромно човечиште. Вратата се отвори, шарките чкрипнаа, жената го погледна брзо, сакаше да се сврти и да се врати на тоа што го беше работела, но застана, го погледна уште еднаш и загрижено праша: - Што се случило Филипе?
Ме отпуштија од работа. - промрморе.
- Требаше ти да си заминеш уште порано од таму, ти кажував. - го караше грубо, како жена што му кажала порано на својот маж. - Ти велев дека само лажат и ветуваат. Четири години потроши, и сега што доби за награда? - не ни остана да го чуе одговорот, него само се сврте и влезе во еднособниот стан. - Ајде да ручаме, Ана е прегладнета, а знаеш дека секогаш сака да те чека тебе за ручек.
- Знам. - одговори со насолзени очи и тивко, тивко, тивко...
- Татоооооооо! - го пречека радосен детски глас, и топла прегратка, која за миг го развесели, го натера да заборави на се.

* * *

- Сега можеме да разговараме.
- Излезе Ана?
- Да, отиде да си игра. Денес дојде Милан. Бараше да му ја платиме киријата. Му кажав да помине за недела дена.
- Ќе побарам работа уште утре.
- Гледај да најдеш.

- Јас ќе гледам, ама... - загрижено одговори.
- Ама што?
- Ама државава не ни цвета. Никој нема да сака да вработи педесет и девет годишен старец. Има толку млади што бараат работа, што... - застана. - Ќе пробам, мора да најдам работа. Неможе да живееме од социјална помош. Социјалната помош не стига ниту за струја да платиме.
- Можеби требаше да останам јас на работа.
- И што? Ќе работеше за џабе исто како и мене. Знаеш и сама дека и твојата фабрика, големиот металзки завод тито, не помина ништо подобро. Ќе земаше како мене по илијада денари на секој втори месец, а понекогаш и две илијади, во зависно од тоа дали во скоро време има избори или не.
- Знам.
- Мора да најдам работа. Ќе не избрка Милан ако не. Мора да му платиме.
- Знам.

* * *

Недела дена подоцна.

Се плашеше дека ќе се случи токму тоа. Цела недела трчаше, одеше на сите огласи, одеше и таму каде што немаше огласи, но никој не сакаше да вработи педесет и девет годишен старец. Никој. Милан само што не дошол, а тој не знаеше што да му каже, што да го моли, што да го лаже, што... Секунда, минута, десет минути, пола час, час како година, година како век, век...
Го расони тропањето на вратата, она нервозно, нестрпливо, досадно тропање на Милан, газдата кој дојде по својата кирија, по киријата што ја нема исто како што ја нема Железара, исто како што ги нема ниту тие драгоцени илијада денари месечно.
Милан влезе како во своја куќа и веднаш побара пари, но пари немаше. Не беше тоа разбран човек, не беше тоа човек. Еден ден им даде да се отселат, а потоа излезе, за понеколку минути да се слушне чкрипењето на гумите на новиот мерцедес чив сопственик беше.
Женаму го гледаше од аголот на собата, загрижено, бледо. - Што ќе правиме? Што ќе правиме? Што ќе правиме? - повторуваше тивко во себе, во бескрај, низ солзи и пригушен плач.
Седеше така долго време, му се чинеше цела вечност. Тивко стана, ја погледна женаси и и нареди: - Ти заминуваш кај твоите уште денес, јас ќе останам вечерва да средам нешто тука, а потоа ќе одам да барам работа.
- Но... Но неможам, неможам.
- Што неможеш? Мисли на Ана. Мораш, нема неможеш. Си одиш уште денес со Ана, а јас ќе најдам работа деновиве, од првата плата ќе изнајмам некој мал стан и ќе продолжиме со животот онаму каде што застанавме.
- Не можам, Филипе...
- Нема неможам. Мораш. Јави се кај твоите и почни да се пакуваш.
- Ти можеш да дојдеш со мене и Ана.
- Знаеш дека не сум во добри односи со твоите. Знаеш дека ме мрзат.
- Знам но...

- Нема но. Заминувате уште вечерва.
Разговорот заврши, Донка отиде немо да се пакува додека Филип пробуваше да си ги среди мислите, да проба да си ги среди мислите. Вратата повторно се отвори, шарките повторно чкрипнаа, а во ходникот се појави неговата радост, неговиот живот.
- Види тато, го надов ова на улица, што е тоа? - го прашуваше насмеано ангелско лице, кое штом подобро го погледна стана растревожено и жално.
- Но тато, зошто плачеш?

* * *

Стана рано утрото, брзо нафрла се што имаше во еден куфер, стави да се вари дупло кафе за појадок, и жедно запали цигара. Не стигна ниту да го допие кафето кога дојде Милан. Му го фрли клучот без збор, и без збор излезе влечкајќи го куферот.

* * *

Никој не бараше педесет и девет годишни работници.
Никој.

* * *

Недела дена подоцна.

Го нервираше зараснатата брада, го нервираше мрсната коса, го нервираше потта, го нервираше проклетиот куфер. Застана, се погледна на светнатиот излог, и заклучи дека ако веќе сака да најде работа ќе мора да се избричи. Но каде? Каде?
Продолжи да оди, без цел, без правец, со милион мисли и со малку надеж. Застана пред фонтаната, се напи вода, си го изми лицето, и му дојде една идеја. Почна брзо да претура по куферот. Го најде. Си ја замачка мократа брада со сапунот и брзо претрча до паркингот отспротива, брзо пред да стигне да се исуши сапуницата. Уште побрзо го најде жилетот, свртe еден ретровизор кон себе и почна да ги струга влакната. Малку, па уште малку, уште малку, крв. Го шутна куферот, се смири и продолжи. За неполни десетина минути беше избричен но и на неколку места добро исечен. Го грабна куферот, се врати до фонтаната и се изми. - Епа добро, сега може да продолжиме со барање работа. - се утеши, си даде надеж, и продолжи.

* * *

Недела дена подоцна.

Цревата му кркореа, последните десет денари ги потроши вчера, за ѓеврек. Немаше сеуште најдено работа, а бараше, бараше, и бараше. Попусто. Никој не сака да вработи педесет и девет годишен старец. Никој.

* * *

Недела дена подоцна.

Го фрли желотот кој веќе одамна истапе. Се изми на фонтаната, се напи малку вода, го грабна куферот и продолжи кон плоштадот, кон центарот на градот, кој е центар на државата, на која држава се прашуваше. Држава без име, со еден куп невработени, со милион затворени фабрики, со илијадници технолошки вишоци, со... Куферот го нервираше. Немаше јадено веќе недела и нешто, освен некои остатоци од сендвичи кои ги беше собрал од кантите окулу сендвичарите во центарот на градот. Косата му беше премногу мрсна, телото премногу испотено, настинката премногу лоша. Се ближеше зима, но си повторуваше во себе со секој чекор, мора да најдам работа, мора да најдам работа, и нов чекор, мора да најдам работа, и нов чекор, мора да најдам работа, и нов чекор...
Стигна на плоштадот, седна на една клупа со мисла да одмори, но всушност дојде тука поради друго. Почека неколку часови пред да го здогледа првиот весник кој го фрли еден поминувач во една од кантите. Брзо стана, скоро во трк пристигна до кантата, го извади весникот. Денешен, помисли. Брзо ги пронајде огласите за работа. Но што сега? Треба да се јави на телефон, но од кој телефон, со кои пари. Пари, пари, пари, пари, пари, гледаше на секоја страница, во секој оглас, во секој телефонски број, во секоја буква. Пари.
И тогаш прв пат го забележа. Седеше на десетина метри од него, изнаоблечен во многу валкани алишта на себе, и неговите беа валкани но во споредба со неговите... тргна по својот куфер, за веднаш потоа да се врати до приликата и да седне веднаш до неа.
- Добар ден.
- Добар нека е, ама не е. - се сврте кон него, се насмевна покажувајќи ги ретките скоро црни заби. - Ти нов си а?
- Нов?!
- Гледам сеуште го влечеш куферот.
- И?
- Обично после месец дена го фрлаат или го делат со другите.
- Другите?
- Другите да... - застана како да ослушнува нешто. - Бездомниците.
- Не. - остро се спротистави. - Јас не сум бездомник, ова е само привремено, додека не најдам работа. - пробуваше да звучи уверливо.
- Знам, знам... Сеуште го влечеш куферот.
- Настапи непријатна пауза, минута, десет, час, кој би знаел.
- Како...
- ...До пари?
- Како...
- ...Знаев?
Го гледаше некое време неверувајќи за на крај тешко и болно да изусти. - Ми требаат за да се јавам на огласиве. - покажа на весникот.
Приликата се насмевна, побара нешто по џебовите, го најде тоа нешто и му го подаде на Филип. - Еве, стави ги на очи и гледај само во една точка. - подстана, извлече едно парче картон од под него и му го подаде. - Држи, ќе ти треба и ова.

- Но...
- ...Но што? Не си слеп сакаш да кажеш?
Малку му одеше веќе на нерви овој тип на разговор кој го водеше со еден просјак, скитник, некој неважен, небитен, кој сепак успеваше да му ги чита мислите. - Не сум слеп, и несакам да се правам слеп.
- Сакаш ли пари за телефон?
- Сакам.
- Епа стави ги наочарите на глава и гледај во една точка, ако ги праташ со глава поминувачите ќе знаат дека не си слеп па нема да добиеш ниту денарче, со поглед можеш, нема никој да примети, само не заборавај да не ја мрдаш главата.
Неможам.
- Можеш, само не сакаш.
- Можам ама не сакам. - се сложи Филип.
- Епа во тој случај ќе морам да ти дадам јас сто денари. - повторно почна да пребарува по џебови, конечно после долго време извлече една згужвана, валкана банкнота и му ја подаде.
- Неможам...
- Аман човеку, земи ги парите и оди најди работа. - му подвикна, му ги тутна парите во раце, го потапка по рамо, му кажа дека ако не направи ништо покасно може да го најде на тоа и тоа место, и се понуди дури да му го причува и куферот.
- Незнам како да ти се заблагодарам.
- Оди најди работа. - процеди низ заби, барем низ оние ретки, црни заби кои му беа останале.

* * *

Еден ден подоцна.

Бездомикот сеуште седеше на истото место каде што го остави вчера, како да не се беше помрднал од тука, дури и куферот беше на истото место на кое што го остави. Во рацете носеше два ѓеврека.
- Ништо не направи а?
- Од каде знаеш? - се зачуди.
- Треба да си ја погледнеш фацата и ќе ти стане јасно.
- Ништо. Бев на седум места, но ништо. Сите бараат млади девојки или млади дечковци. Никој не сака педесет и девет годишен старец. - Му го подаде ѓеврекот. - Но...
- ...Но ти останаа дваесет денари и реши да купиш два ѓеврека?
- Така некако. - повторно зачуден одговори Филип, брзо џваќајќи го ѓеврекот небаре е бут месо.
- Ајде, станувај. Ќе одиме да јадеме вистинска храна.

Час подоцна се наоѓаа позади еден расторан.
- Кај да е ќе му заврши смената. - објаснуваше. - Многу фино дете, работи како келнер и секој ден ми носи остатоци. Ми требаа неколку години додека да го пронајдам овој ресторан, ова дете. Обично ме бркаат од секаде, а храната што останува ја даваат на кучиња, како да нема

гладни луѓе. - изгледаше задоволно додека раскажуваше.
Петнаесетина минути подоцна од ресторанот излезе едно момчќе со полна кеса отпадоци од храна која останала недојадена. Брзо се доближи до двајцата бездомници, срдечно се поздрави со двајцата, помина дел од патот со нив, а потоа со топли зборови се раздели од нив.
- Фино дете, ти реков. Ретки се таквите денес. - чепкаше со рака низ кесата за да закачи еден недојаден ражниќ. - Види, деликатеси. - се насмевна гледајќи наизменично во Филип и ражничот и кесата со храна. - Мешана скара.
На првата клупа седнаа, се најадоа, длабоко воздивнаа и двајцата, бездомникот го понуди со цигара, Филип ја прифати, ја стави во уста, ја запали и длабоко потегна од неа, го задржа димот колку може, а потоа брзо го издува димот. Му текна дека не ни знае како се вика човекот до него. - Како се викаш?
- Дејан. А ти?
- Филип.
Занемеа и двајцата, влечеа од цигарите, влечеа, влечеа...

* * *

Месец дена подоцна.

Во градскиот парк, близу поранешен Кермес, на една клупа седеа две фигури. И двајцата беа забрадени, неизмиени, полугладни, полупијани, и полусмрзнати.
- Дејан?
- Да.
- Никогаш не сум те прашал, како...
- ...Како завршив вака?
- Да. - Филип веќе научи да му ги погаѓаат прашањата уште пред да ги постави, па ова веќе не го изненадуваше.
- Возев пијан... - кажа неволно, како приказна што не сака да биде раскажена. - Стоеден имав тогаш... Бев со жената и детето... Пијана будала... - му потекоа солзи од очите, дишењето му стана побрзо, пулсот сигурно беше урнебесен, барем ќе беше ако го измереше некој. - Пијана будала... - Филип веќе можеше да погоди. - Удрив Порше, и тоа единственото во градот... - срцето уште малку ќе му излеташе од градите. - Детето на место мртво... - си го покри лицето со валканите раце и со липање продолжи. - Жената почина во болница... и како да не беше тоа доста... за поршето ми отиде и станот... - се сврте го погледна Филип во очи, а овој се скамени, за прв пат го виде Дејан, човекот кој изгубил се што може да се изгуби, човекот кој за неколку минути го изгубил цел живот, се, се, се... Таа вечер не проговорија ништо повеќе.

* * *

Месец дена подоцна.

Филип од кантата го извади весникот фрлен пред неколку минути, се врати

до Дејан и рече: - Денешен. - пролиста неколку страници набрзина, го собра под капутот, си ги протри рацете. - Викаат вечер ќе било минус седумнаесет.
- Треба да земеме ракија.
- Ракија?
- Да, ракија, за циркулација, за да не се смрзнеме.
- Дејан, никогаш не сум те прашал, како се презиваше.
- Што е тоа важно?
- Сакам да знам.
- Не сакаш да знаеш.
- Но сакам. - настојуваше Филип.
- Јаневски.
- Јаневски Дејан. - му звучеше познато, како да го знаел, како да чул, но каде, каде, каде... - Јаневски Дејан? - повторно праша.
- Да. Јаневски Дејан.
- Јаневски Дејан...ми звучи многу познато.
- Звучи секојдневно.
- Не, ми звучи многу познато, само од каде? - се прашуваше повеќе себе си отколку личноста до него.
Внаминиeто му го одвлече едно семејство, татко, макја, дете. Одеа брзо, поминаа точно пред нив, возрасните не ги ни погледнаа, додека детето гу шутна Дејан и им викна среќно на своите родители: - Клошар гнасен.
- Еј...
- Батали. Неговите се криви, тие го научиле така. Детето не е воопто криво, тоа само прави она што го научиле.
- Но...
- ...Но тоа не е ок, а ти неможеш да направиш ништо што би ги сменило работите.
Со поглед го испрати семејството и долго потоа откако ги снема од видикот гледаше во тој правец. Наеднаш го удри гром од ведро небо. Стана и извика: - Па ти си Дејан Јаневски! Дејан Јаневски!
- Знам кој сум.
- Ти си првиот европеец кој што го преплива Ла Манш.
- И што сега?
- Но ти си првиот европеец кој го преплива Ла Манш.
- И?
- Само тоа имаш да кажеш, и? Ти си славен Дејане. Знаеш дека посакував да бидам ти во мојата младост. Ми беше идол некое време. Дејан Јаневски. Првиот европеец кој го преплива Ла Манш.
- И?
- Филип беше нервозен. Дејан знаеше понекогаш да го изнервира но ова беше врв. Не можеше да прифати 'и' за одговор од Дејан Јаневски. - Но ти си Дејан Јаневски.
- Што сакаш да чуеш Филипе? Сакаш да ти кажам за колку време го препливав? Сакаш да знаеш дали беше тешко? Сакаш да знаеш што ми беше наградата? Сакаш да знаеш како стинав овде, не тоа ти го кажав веќе. Што?
- Тешко беше? - брзо праша, затоа што го знаеше времето, а не му текнуваше никое попаметно прашање од оние што ги слушна од Дејан.

- Не.
- Награда?
- Медал, позлатен. - Се фати за вратот, ја извади медалјата и му ја подаде.
- Еве ти ја, не ми треба на мене.
-Номожам да ти ја земам.
- Ако не ја земеш ќе ја фрлам, не вреди ни колку кило ракија. Еднаш пробав да ја разменам за пари, тогаш незнав дека е само позлатена. - му ја пикна медаљата во рацете, кои отпрвин не сакаа да ја прифатат но потоа попуштија.
Филип воодушевено ја гледаше некое време, потоа станаа двајцата и тргнаа кон своето живеалиште, под отворено небо, под облаци, под ветар, под мраз. Додека се влечкаа полека Дејан само мрмореше: - Требаше да земеме ракија.

* * *

Полека се будеше, се размрдуваше, полека, полека почна да ги движи првин прстите потоа со нив да си го масира остатокот од телото, да се стопли, да протече крв во напола замрзнатото тело. Се сврте кон Дејан го размрда но овој беше заспал длабоко. Го протресе побрзо. Ништо. Побрзо. Ништо. Го фати паника. Брзо стана, увото го стави на неговата уста. Ништо. Почна панично брзо да му ги трие рацете, градите, нозете, лицето. Ништо. Пробуваше повторно, повторно, повторно, повторно. Ништо. Веќе го болеа рацете, веќе изгуби здив, солзи му течеа. Ништо.
Седна. Стана. Повторно седна. Стана. Тргна да пронајде полицаец да му каже што се случи. Ги шутираше сите корпи по пат.
Помина час кога до безживотното тело се врати со униформирано лице. Му го покажа медалот и му кажа: - Ова е Дејан Јаневски. Беше извонреден човек. - Потоа долго време инсистираше да биде закопан до изгубената жена, до изгубеното дете, за на крај со насолзени очи да замине во неодреден правец.

* * *

Пет години подоцна.

Филип седеше на истото место, на истото место каде што го запозна Дејан. Вниманито му го привлече една жена со девојче кое весело ја прашуваше мајкаси нешто. Му застана грутка во грло. Проба да стане но му се пресекоа нозете, проба да каже нешто но немаше глас. Рацете му се тресеа, срцето му биеше силно, солзи почнаа да му течат од очите. Веќе се до него, ако пружи рака ќе може да ги допре.
Девојчето го шутна кога му дојде при нога и весело и извика на мајка си: - Клошар гнасен.

**Патувања**

1.
- Вози!
- Каде?
- Било каде! – Рече, и ја затвори вратата.

Да го прескокнеме делот кога мораа да туркаат малку повеќе за да запали, бришачите не покажуваа знаци на живот, а надвор врнеше оној досаден ситен пролетен дожд од кој после една нецела минута ама баш ништо не ви се глада низ ветробранот.
- Стигнавме. - Изусти.
Излегоа од колата и со брз чекор се упатија кон местото.
Беше тоа бар.
Тивко седнаа на најодалечената маса, нарачаа пијалок и полека се опуштија во удобните столици.
- И што ќе правиме сега? - Праша Марко и отпи неколку голтки од чашата.
- Чекај и збори нешто во меѓувреме, тивок си веќе пола час.
Марко воздивна длабоко. Имаше еден куп проблеми на глава и упорно успеваше да создава уште повеќе додека старите некако слабо се решаваат и се на се беше тоа ебан Монт Еверест од проблеми.
- Проблеми другар. - Одговори тивко после кратка пауза.
- Ај поведро! Еве доаѓа друштво.
Им се приближуваше просечно граден човек кој всушност беше сопственик на барот.
Беа тоа стални муштерии кои прилично долго доаѓаа во неговиот бар и, најважно, му се допаѓаа.
- Здраво момци. Како сте?
- Хмм... Како сме Марко?
- Добро... Да кажеме. - Кисело одговори на прашањето Марко.
- Еј момци, поведро! Имам работа за вас. Заинтересирани?
Се појави блага насмевка на нивните лица. Тоа е баш она што им треба во моментот. Конечно малку среќа во нивниот живот.
- Гледам дека сте заинтересирани, - продолжи Владимир - а ќе ме прашате барем што ќе ви биде работата?
Се погледнаа меѓу себе и кимајќи со глава потврдија.

2.
- Каде ли само одиме ние? - Прашуваше иако знаеше дека нема да добие конкретен одговор.
- Незнам. Единствено што знам е она што го знаеш и ти самиот. Рачунај го ова како добра финансиска зделка. Треба да најдеме еден предмет, да му го однесеме на Владимир за што ќе бидеме богато наградени.
Се свртеа кон пристаништето, го задржаа погледот неколку секунди и влегоа во бродот.
- Колку време трае патот? - Ја праша стјуардесата и направи немој да ми кажеш 10 дена фаца.
Стјуардесата се насмевна и весело одговори. - 10 дена!
Бродот благо се затресе.

Тргнаа.

3.
Пред точно 386 години на саемот за научни откритија одржан на планетата Делфон победник беше Дорис Поско со револуционерен изум; перница која додека сонувате ви проектира во сон однапред припремен материјал. Беше тоа револуција во науката како таква. Тоа допринесе за енормно зголемен развој на сите полиња. Марко го знаеше тоа и му беше многу благодарен на Дорис додека полека му се затвораа очите и благо потонуваше во сон. Не знаеше што ќе си проектира во сон но знаеше дека на кутијата пишуваше „Се пто треба да знаете за Земјата 1", а имаше уште цели пет дела. Тоа го плашеше, шест дела се многу особено кога се работи за издавачка куќа како „Орбит". Се утеши со мислата дека ќе му останат четири денови за проектирање на забавен материјал со цел да се релаксира од соништа за земјата и се што би требало да знае за неа. Очните капаци полека целосно му се затворија, главата благо му се подзакриви. Тогаш за прв пат ја виде планетата наречена Земја.

4.
- Значи можеме и да го купиме.
- Да Горан, само што твојата кредитна картичка нема да ни биде од помош. Ќе треба да набавиме локални пари.
- Ти не ги помина сите шест дела а?
- Не! Ми здосади после вториот. Јас незнам ти како успеа.
- Напротив баш ми беше интересно.
- И? Како до пари? Кажувај! - Нестрплив беше Горан.
- Лесно, ќе... - Тука го прекина глас кој ги замоли патниците да се упатат кон излезот затоа што не е возможно поголемо задржување на оваа планета поради непријателското однесување кон леталата што не им се познати. - Конечно стигнавме. - Со мало олеснување продолжи Марко и стана од седиштето. Се почувствува повторно слободен и среќно тргна кон излезот. Горан го следеше.
Бродот благо се затресе. Застанаа. Вратата полека се отвори и конечно пред нив се прикажа она што до тогаш го имаа видено само во сон.
Беше тоа убава планета, иако местото на слетување се покажа дека е несреќно одбрано. Се најдоа во кал додека бродот го снемуваше високо над облаците. За неколку минути ќе биде надвор од овој заостанат сончев систем додека нив ги очекуваат неколку денови на напозната планета, од кои веќе првите минути се покажаа доста калливо.
Автостопот во водачот од „Орбит" беше доловен доста прецизно: „Патувајте автостоп само доколку морате."

5.
Сонцето беше високо на небото и ги топеше расфрланите облачиња. Наокулу се гледаа траги од дождот што врнел до пред некој час.
- Добро, сигурен си дека вака е најлесно до пари? - Кисело праша Горан.
- Да! Сигурен сум.
- Ебате планетата. - Изговори и продолжи да го светнува ветробранот.
Марко наплати низ отворениот прозор и весело довикна по Горан:

- Ајде, одиме во продавница.

6.
Ненад не можеше да мисли т.е. не можеше да мисли на ништо друго освен на пиштолот вперен во неговото лице и човекот кој викаше дека ќе го употреби доколку не го направи она што му беше кажано пред неколку секунди или можеби минути. Не можеше да го го игнорира неговото барње. Сакаше но неговиот соговорник имаше неоспорлив аргумент во неговата рака.
Го отвори сефот.
Следните 13 минути ги помина лежејќи на подот. Не можеше да знае дека пиштолот е на вода, не можеше да знае дека ограбувачите се упатија во хотелот „Плаза" на само два километри од неговата банка. Не можеше да знае дека се наоѓаат во соба број 309 и весело го бројат пленот. Не можеше да знае затоа што во прв момент беше вкочанет од страв, а веќе во вториот беше во несвест.

7.
- Е ова веќе ми се допаѓа. Многу е подобро од бришење ветробрани.
- Знам Горан, ама имаме среќа што сме на планета која не е признаена од никој што не е ни чудно затоа што не ни знаат за никој друг освен себе. Дома ова ќе не чинеше казна на некоја од месечините, да не зборам за веселиот дочек од огромен тип кој упорно ќе неословува како Ненси и Весна. Уште да ги споме...
- Добро, добро! - Остро го прекина. - Не ми држи лекции! Ете за среќа сме на земјата, имаме пари за подолг престој иако јас би си отишол уште сега, а може да ги пронајдеме и Ненси со другарка и Весна во меѓувреме. Само да не го заборавиме Владимир, тоа ни е приоритет.
- Хмм, остана уште најлесниот дел од работата. Подај ми го телефонот.
Марко ја остави на маса брошурата што ја разгледуваше веќе подолго време и го позема теледонот.
- Ало, рецепција?

8.
Вселенскиот брод изгледаше премногу убаво на синото небо. Можеби изгледаше така само поради тоа што токму тој брод ќе ги однесе назад во родното место, на планетата која ја сакаа многу, а толку им недостигаше изминатите денови. Бродот ја допре почвата, вратата се отвори, а двајцата јунаци брзи и среќно зачекореа внатре. Се сместија во не толку удобните седишта кои беа 100 пати покомотни од најкомотните седишта произведени на планетата од која само што се одлепија. Веќе наредните секунди беа над облаците. Имаа насмевки на нивните лица. Конечно им се случи нешто убаво. Го напуштија сончевиот систем.

9.
Владимир делуваше нервозно. Се јавија пред цел час дека пристигнаа. Ја завршиле работата успешно но каде ли се до сега. Пристаништето е на само половина час возење од неговиот бар. Каде ли се? Ја испразни чашата и веднаш даде знак да му донесат уште еден пијалок. Се

предомисли:
- Донеси го шишето! ... И уште две чаши. - Викна по келнерката која веќе тргна со една полна чаша кон неговата маса.
Вратата од барот се отвори и низ неа поминаа две познати фигури.
Владимир нестрпливо стана и потрча кон Горан и Марко.
- Каде е? Каде?
Веднаш ја грабна кутијата штом му ја подаде Марко, брзо ја отвори и им довикна:
- Конечно! Ајде да прославиме, седнете.
Келнерката доаѓаше со шише пијалок и три чаши.

10.
Сончевите зраци го осветлија лицето на Дамјан кој полека се разбудуваше. Несмасно стана и застана покрај еден чуден апарат на левата страна од креветот. Притисна едно копче и од уредот излезе необична касета. Ја врати во паковката и длабоко воздивна. Фрли поглед кон својот примерок на „Не лути се човече“ и цврсто реши.
- Утре одам на земјата.

**Прв контакт**

Си беа едни многу напредни луѓе и си беа земјани.
Луѓето потекнуваа од место што не им беше познато на земјаните затоа што ни со најголемиот телескоп што го беа изградиле не можеа да ги видат сонцата што се на пола пат од планетата на луѓето.
Луѓето ги запознаа земјаните откако бродот им се оштети од влетување со огромна брзина во поле со астероиди, прилично големо поле со астероиди би рекол.
Немаа избор, едноставно мораа да се запознаат со земјаните. Мораше да паднат на земјата, а екипажот можеше само доволно да го ублажи падот за да не го оштети премногу леталото.
Земјаните не можеа, а да не приметат. Прва дојде војската, а потоа дојдоа сите. Доктори, политичари, пациенти, религиозни фанатици, репортери, вооружени до заби будали, кловнови, лингвисти… И покрај изнемоштеноста и повредите од падот луѓето издржаа се за конечно да се разбрерат.
Земјаните сакаа да прослават. Запалија пури, свеќи, пиеа шампањ, вино, пиво, виски, ракија и полусвесни решија да си направат һappy огномет. И си направија.
Луѓето се смееа. Еден од нив стана, влезе во бродот и си направи муабет со компјутерот. Компјутерот беше весел. Ќе го направам најголемиот огномет некогаш виден во вселената, си рече. И го направи. Штета што земјаните го протолкуваа како напад со најстрашното оружје што некогаш го виделе и уште пред да стигнат луѓето да објаснат, земјаните успеаа со артилерија и полесно оружје да го средат проблемот. Жителите на Земјата пак сакаа да прослават. Си направија огномет за кој сите зборуваа дека е најдобар до сега.

**Венера, Ное и Господ**

I.

- Не мочај на Земјата!
- А што да правам? Бродот е скоро километар од тука, да не сакаш да пешачам цел километар за да се олеснам?! А, и нема лошо да и дојде малку вода на земјава, ха, ха! Знаеш дека после 10,000 илијади години може живот да настане од оваа урина, ха, ха.
- Не би се кладел на тоа.
- Хаха, него собравме камења има за цела куќа што би се рекло, ај да си одиме дома.
- И мене ми недостига Хионис.
- Хионките особено, хаха!

II.

130,000 илијади години подоцна.

- Господ! Господ!
- Гооспооооод!
- Кажи Ное.
- Венера премногу се доближи до сонцето, ништо на планетата нема да преживее доколку не им помогнеме.
- И со Меркур беше истата приказна.
- Па знаеш каков е тој квадрант.
- Ахxxxx. Добро, ќе им помогнеме.

III.

- Станува се полошо.
- Планетата веќе е премногу блиску до сонцето.
- Знам. Само премногу касно дојдовме до сознание како всушност функционира вселената. Сонцето полека ги привлекува планетите кон себе се додека не ги собере сите планети во себе, потоа некоја поголема ѕвезда ќе го привлече сонцето кон себе, а некоја сосема седма многу поголема ѕвезда од претходно споменатите помали ѕвезди ќе ја привлече новосоздадената ѕвезда. И сето тоа се случува низ целата вселена. Вселената се собира цело време, за на крај да дојде до едно огромно сонце кое најверојатно ќе експлодира и се ќе почне од почеток. Обичен рисет. Долготраен процес секако, но кога ќе помислиш дека тоа може да оди така до бесконечност не постои бројка за која може да се каже дека е долготраен процес.
- А сето тоа може да биде сместено во еден мал украсен предмет изработен на планета која е екстремно поголема од целата вселена, оваа што ние ја познаваме секако.
- Кога само би имале технологија да се преселиме на Земјата.

Планетата веќе се доближила на идеално растојание од сонцето за создавање на жив свет. Според сателитските снимки има огромни животни кои ја населуваат.

- Диносауруси.
- Да така ги викаат.
- И што ќе правиме?!
- Ништо не ни можеме да правиме, освен да се молиме за чудо.

IV.

Тоа попладне на Венера се случи чудо.
Слета вселенски брод точно пред владата на Венера и нормално од него излегоа двајца вонвенерци опкружени со уште неколку вонвенерци. Едниот се претстави како Адмирал Господ, а другиот беше Командант Ное, другите не беа битни. Обајцата доаѓаа од планетата Рај на која што Господ беше сосема вообичаено и најмногу користено име, додека Ное беше нетолкувообичаено име како претходно споменатото.

Венерците беа пресреќни кога слушнаа дека ќе бидат евакуирани на Земјата. Потоа малку се загрижија зошто таму има огромни животни кои ќе ги гледаат како свежо послужена храна, но љубезните посетители спасители од Рај ветија дека ќе ги истребат сите диносауруси на Земјата пред да ги евакуираат.

V.

6 дена подоцна.

- Ное.
- Да Господ.
- Знаеш што треба да правиш така?
- Знам.
- Заврши со евакуацијата, подучи ги Венерциве за Земјата и врати се дома.
- Добро. Ти одиш?

Да, морам да се вратам на Рај. Потребен сум и таму. Еј, и кажи им на венерциве дека за 341,093 години ќе мора сами да се евакуираат на Марс. И нека пробаат да не направат депонија и од оваа планета.

Седмиот ден Господ одмараше.

**Врата**

1. Телефонски повик

- Имам лоши вести, господине... Авионот на Лидија падна... Се сруши во океанот... Спасувачки тимови веќе ја бараат. Ќе ја нај... Ало?! Денис!? Денис?! Господине?

2. Старецот

Ветерот нежно ги галеше високите дрвја, откинувајќи ги и последните пожолтени лисја, додека потокот тивко жубореше и ги милуваше камењата обвиени со зелена мов. Сонцето срамежливо ѕиркаше зад облаците кои полека се спремаа да ја полеат сувата земја и да ја најават доцната есен. Планината го задскриваше сонцето во своите прегратки овозможувајќи им на облаците да станат погусти и потемни. Старецот седеше на дрвената клупа покрај потокот и пушејќи од своето луле ја следеше играта на природата, балот на откинатите лисје зафатени од нежното ветре, кои како да го следеа жуборкањето на водата.
Позема еден камен, го фрли во потокот и кога го слушна пласнувањето благо се насмевна среќен што и тој учествуваше во оваа претстава. Полека стана, го позема бастунот и тргна кон колибата во ист момент кога облаците тргнаа кон земјата. На момент се сепна. Заборави. Се врати до клупата, повторно седна, ја помилува гравурата од неговата десна страна, погледна кон небото и ја дочека на своето лице првата капка. Потоа следеше уште една. Овојпат таа се лизна од неговото око и го продолжи својот пат по избразденото лице. Дождот се засилуваше и мораше да се засолни што побргу-тоа подобро во својата трошна стара колиба. Бавно стана и уште побавно тргна кон своето засолниште, а тоа гостољубливо го пречека со сета своја топлина и жар. Се испружи на креветот, ја поднамести перницата и некое време неуспешно пробуваше да заспиее. Стана, посегна кон масата, ја зема и веднаш почна да ја чита  книгата, истата онаа книга што пробуваше да ја чита веќе неколку месеци. Повторно безуспешно. Мислите му бегаа како пеперутки, па на крај не му остана ништо освен сосема да се  откаже од читање, а наместо тоа реши да касне нешто за да ги сузбие оние звуци во стомакот. Ја местеше масата кога му се причини дека слушна чекори. Го начули слухот, колку што може да го начули слухот човек на негови години, но не можеше да слушне ништо друго освен пуцкањето на дрвјата во каминот и капките дожд кои удираа во лимениот покрив. Воздивна длабоко и продолжи со она што го беше фатил да го работи. Повторно. Му се пристори како да слушна некој како тропа на вратата но продолжи да ја мести масата со мисли дека само еден миг пред тоа му се присторуваше дека чул чекори.
Следното тропнување целосно го разубеди дека станува збор само за плод на неговата имагинација. Поита кон вратата, дел затоа што веќе долго време беше осамен и му требаше какво и да е друштво, дел затоа што временските услови налагаа што побрзо да се засолни оној што тропаше на влезот од неговата колиба.

3. Скок

Кога дојде при свест сфати дека се е сосема погрешно.
И се беше сосема погрешно.
Беше пусто, а небото не беше смирувачки сино. Не беше ниту сиво, а ќе беше многу подобро да е, едноставно, црно. Но не. Мораше да биде дреч зелено, премногу непознато, премногу нападно, странско, дреч зелено. И дрвјата. Каде се дрвјата? Нема ниту едно единствено дрво. Што е ова? Трева?
И што се оние сини, сини, ... топки? Топки, не, не е возможно да се едноставно топки. Сигурно... А оние мали животинчиња со три нозе кои трчкаа наваму-натуми низ недогледната рамница... Кучиња?! Можеби зајци?!
Но, што е она на хоризонтот? Птица. Хм, се доближива. Да-да, дефинитивно се приближува. Не личи на птица... нема крилја, и оној млаз светлина од страните... Брод!

4. Враќање

Десет години, поминаа десет години откако последен пат имаше стапнато на земјата. Чекореше нестрпливо, брзо, со долги скокови се протнуваше низ дрвјата, се сопнуваше, паѓаше, но исто така брзо и стануваше, повторно чекореше. На секој чекор стануваше се полесна, понестрплива, посреќна, потажна. Небото беше тмурно, густо, некако жално. Почна да плаче. Капките од чекорот направија трк. Кога стигна до клупата беше изморена и прилично задишана. Седна на нејзе, погледна кон небото кое капеше и посака да го види сонцето, додека со раката, мазнејќи ја површина на старата клупа, ја бараше гравурата. Тука е.
Се одмори неколку минути и нервозно, нестрпливо, среќно и тажно тргна кон колибата. Десет години упорно и трпеливо го бараше патот до тука, патот до оваа врата. Застана, се исправи, ја поправи косата, и одлучно тропна.

5. Врата

Сеуште не се знае кој беше повеќе изненаден.
Парк, кој ја здогледа Лидија, онаква каква што ја памти, малку постара, но онаква, каква што ја виде последен пат, пред да се качи во авионот кој се сруши некаде во океанот.
Или пак Лидија, која го виде Денис, триесетина години постар, но сепак, оној ист Денис кој ја испрати до авионот со кој се сруши некаде во океанот.

**Крај**

На десет години требаше да ме исправат. Ама дете ко дете, што не разбира ништо одби. И мајка ми ме остави така. И кого да обивинам? Себе, што сум бил дете што не разбира ништо. Мајка ми што ме оставила така. Што послушала дете наместо да ме натера со сила, да ме исправи. Не знам. Се што знам е дека домашно образование немав никакво.

Не се ни сеќаваш, ама кога си мало дете и некој близок има шок од инекции, и со време развиваш фобија од инекции. Развиваш фобија од други работи поради контакти кои се случиле а не требало да се случат. Грешки, грешки, грешки. Мои, на друг, не знам чиви.
Секасуално образование нула. Од родители ни збор. Ништо. Грешки, грешки, грешки. Силуван од братучед. Промена.
Фотографска привремена меморија. Читаш – знаеш. Привремена зошто после недела дена повеќето испарува. Дете. Не разбираш. Полесниот начин. Учиш пред испрашување. Пред испит. Грешка, грешка, грешка. Се учи секој ден. Така и работна навика се создава.
Оставен на ветрот. Грешка, грешка, грешка.
Се учиш да добиваш лесно. Освен некои работи кои ги избегнуваш поради други работи што ти се случиле. А и тоа е лесно. Ама бегаш.
Ти претставуваат марихуана. Паѓаш. На сите полиња. Школо. Работа. Стануваш помрзлив, губиш мотивација, краткотрајна меморија, и постепено полудуваш и затупуваш.
Едниот родител само вика, другиот попушта.
„Функционална фамилија". Никогаш не си имал разумен разговор со родителите. Џоинт. Стонирање.
Одиш на место каде што сакаш да избегаш од се. Од лошо друштво од родители.
Ама таму те дочекуваат „пријатели".
Те викаат на работа. Менаџер да бидеш. Ентузијазам. Предложуваш работи. Ништо не прифаќаат. Разочарување. Бегаш. На работа не плаќаат со месеци, години. Долгови. И не те слушаат кога велиш дека треба ако некој не плати три месеци да се откачи. Не знаеш, ти викаат. Те бркаат. Не те сакаат таму. Во право си ама џабе. Времето покажува дека си во право. Ама џабе. Грешка, грешка, грешка.
Ти даваат пари за бадијалчење. Грешка, грешка, грешка.
Одиш на факултет, ентузијазам. Ти даваат 5 листа со дефиниции за испит. Сакаш да учиш од книга и да полагаш така. Не. Губиш желба, ентузијазам. Бегаш. Грешка, грешка, грешка.
Мои грешки. Туѓи грешки.
Не е ни битно повеќе.

Несмееднакви
нееднакви
wearenotequal
notequal
4,42

Не сме еднакви 3,14
не еднакви 2,10
we are not equal 4,16
not equal 2,9
11,49
16,73
Несмееднакви
нееднакви
wearenotequal
notequal
4,42
22,124

Несмееднакви
нееднакви
wearenotequal
notequal
Не сме еднакви
не еднакви
we are not equal
not equal
15,91
16,96
17,101
18,107
19,113
20,119
21,125
22,131
23,137
24,143
25,149
26,155
27,161
28,167
29,173
30,179
31,185
32,191
33,197
34,203
35,209
36,214

37,219
38,314
39,319

11,0,2,1,1  15
22,0,4,4,1  31
33,0,6,9,1  39
44,0,8,16,1  69
55,0,10,25,1  91
66,0,12,36,1  115
77,0,14,49,1  141
88,0,16,64,1  169
99,0,18,81,1  199

9,101
10,106

11+22+...+99/9=495/9=55

8*8+8=(72+2)/2=37
28+11=39
286+118=404
6+8=14
2+11=13
79+83=172
9-2=7
79+88=167 (1+6)+7=7+7=14  77 7*7=49 (28,167)
1+9+8+8=26 8+2=10

79+91=170
83+91=174
3+(4+4)=3+8=11
18+11+6+8=29+14=43/2=21,5
28/2=14
11/2=5,5
19,5
28-11=17
79/2=39,5/2=19,75
83/2=41,5/2=20,75 (40,5)

sqrroot(1979)=44,4859528
sqrroot(1983)=44,5308882
sqrroot(1991)=44,62623
sqrroot(1977)=44,4634682
286*286=81796
682*682=465124
1/1983=0,0005042864
1/1979=0,0005053057

4. домашно образование

катастрофа.

8. училиште

Проклета меморија. Несоздавање на работни навики.

9. смрт

Рх.

12. игралиште

Џоинт по џоинт. Авијатичар. Балетан. Бегаат од. Бегаш од. Како фобија од инекции зошто некој близок добил шок. Мало дете не се ни сеќаваш ама развиваш фобија. И којзнае што се не ми збореле како мал, не знам, може да се развие карактер од слушање наставнички во градинка на пример, а да не се ни сеќаваш на тоа. Не знам.

16. живот

Ех.

24. смрт

Без надеж. Без Ништо. Смрт.

Животот не дава втора шанса.

За авторот

Пецо Колчкоски. Роден на 28 јуни 1979 во Скопје, Македонија.

